КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мисленља на седница на Стручен совет на КИРМ од 20.12.2012 година, на осумдесет и четвртата седница одржана на ден 04.01.2013 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 18-3
04.01 2013 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Кога се спроведува извршување за предавање во владение на иста недвижност кај двајца извршители по два различни основи извршителот ќе го спроведе испразнувањето и предавањето во владение на недвижноста на лицето кое има правен основ за стекнување на правото на сопственост врз основа на спроведена продажба во извршна постапка.

Во постапка за намирување на побарување кога со заклучок за продажба е извршена продажба на недвижноста и купувачот се стекнал со правен основ за стекнување на право на сопственост, а извршителот во рок од 60 дена согласно член 195 од Закон за извршување не му ја предаде недвиноста во владение, извршителот на барање од купувачот е должен да постапи согласно чл. 218, 219, 220 од Закон за извршување, односно да го внесе во владение купувачот на недвижноста без оглед на тоа кој го има владението на недвижноста во тој момент.

Кога во ваков случај и друг извршител спроведува постапка за испразнување и предавање на истата недвижност во владение по барање на должникот чија недвижност е продадена, испразнувањето и предавањето во владение од страна на втор извршител е безпредметно, затоа што би требало да се испразни и предаде во владение на доверител на кој му престанало правото на сопственост врз недвижноста и е должник во постапката која се водела кај извршителот кој што ја извршил продажбата на недвижноста.

Во таков случај извршителот е должен да го извести вториот извршител, кој што спроведува извршување за предавање на истата недвижност во владение по барање на должникот чиј имот е продаден, за новонастанатите околности.

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Гордан Станковиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Бул. „ Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com